Врз основа на член 34 и 123 став (4) од Законот за заштита и спасување („Службен весник на РСМ“ бр.93/12, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18), член 22 став (1) точка 10 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02 и 202/24 год.), и член 38 став (1) точка 4 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 26.12.2024 година, донесе

# Програма за активностите на Општина Гевгелија во областа на заштитата и спасувањето и справувањето со кризи во 2025 година

## 1. Вовед

Општина Гевгелија настојувајќи да одржи чекор за намалување на ризиците од несреќи и катастрофи, а врз основа на обврската да обезбедува услови за мирен и безбеден живот на своите граѓани, особено најранливите (на пр. жени, млади, стари, лица со попреченост и др.), ја предлага наведената Програма.

Програмата за 2025 година, со која се утврдуваат заедничките интереси и активности во областа на заштитата и спасувањето и справувањето со кризи, ќе се реализира во соработка со Дирекцијата за заштита и спасување, Центарот за управување со кризи, МВР, Министерството за одбрана, Општинската организација на Црвен крст Гевгелија и други организации и институции кои остваруваат активности од јавен интересс.

Заштитата и спасувањето или справувувањето со кризи, преставува збир на мерки и активности кои се превземаат од страна на субјектите во системот, со цел навреме да се откријат и спречат настанувањата и отстранат последиците од настанатите природни непогоди и други несреќи, кои пак заедно со влошувањето на состојбата на животната средина и зголеменото влијание на климатските промени, очекувано е да настапи значително зголемување на фреквенцијата, интензитетот и магнитудата на овие настани, при што се повеќе и повеќе луѓе ќе бидат изложени на нивните ефекти.

Според законските одредби, Општина Гевгелија во 2025 година овие активности ќе ги остварува преку:

- Одговорните лица во општинската администрација;
- Општинскиот штаб за заштита и спасување;
- Универзалната единица за заштита и спасување;
- Други институции зависно од видот на активноста што ќе се реализира

Со програмата ќе се овозможи финансирање на системот за заштита и спасување, заштита на граѓаните, материјалните добра и природните ресурси од елементарни непогоди и други несреќи, со главен акцент ставен на превенција, односно превземање на мерки и активности за превентивно делување.

При определувањето на приоритетите ќе се земат предвид специфичните потреби и предизвици на жените и мажите во услови на кризи и природни непогоди, односно при креирање на телата задолжени за реализација на оваа програма ќе се внимава на балансирано учество на жените и мажите во процесот на креирање мерки и политики и донесување на одлуки.

Во истата се наведени чекорите за да таа се оствари, преку:

- Цели
- Активности
- Извор на финансиската конструкција
- Пресметани трошоци за заштита и спасување на подрачјето на Општина Гевгелија (распределба на средствата за финансирање).
- Тековни активности и динамика на извршувањето на програмата.

**Одделни поими употребени во оваа програма го имаат следново значење** (Законот за заштита и спасување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 215/21) и Закон за управување со кризи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 29/05, 36/11, 41/14, 104/15, 39/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 215/21) :

1. “Природни непогоди” се земјотреси, поплави, лизгање на земјиште, снежни лавини и наноси, голомразица, град, суша кои со природни неконтролирани сили ја загрозуваат животната средина, животот и здравјето на луѓето, материјалните добра, животинскиот и растителниот свет и културното наследство;

2. ,,Други несреќи” се настани кои се резултат на одредени превиди и грешки во извршувањето на секојдневните стопански и други активности, како и невнимание при ракување со опасни материи и средства при производство, складирање и транспорт на истите (пожари, големи несреќи во патниот, железничкиот и воздушниот сообраќај, несреќи во рудници, индустриски несреќи предизвикани од експлозии и други техничко- технолошки причини, паѓање на радиоактивни врнежи, прашини и талози, излевање на нафта и нафтени деривати и други отровни хемикалии, експлозии на гасови, запаливи течности и гасови, како и други горливи материи кои со воздухот создаваат експлозивни смеси и други експлозивни материјали од поголем размер);

3. “Заштита од природни непогоди и други несреќи” е преземање на организациски, технички и други мерки и употреба на технички и други средства за непосредна лична и колективна заштита на луѓето, животинскиот и растителниот свет, имотот, културното наследство и животната средина од последиците предизвикани од природни непогоди и други несреќи;

4. “Спасување” е преземање на конкретни мерки, активности и постапки за заштита на луѓето чиј живот или здравје се загрозени, на животните, растенијата, имотите и културното наследство од последиците на природни непогоди и други несреќи;

5. “Помош” е преземање на конкретни активности за одговор на природни непогоди и други несреќи од страна на стручни лица, тимови и спасувачки единици;

6. “Поддршка“ е преземање на одредени активности за логистичко обезбедување кои се во функција на заштитата и спасувањето од природни непогоди и од други несреќи, со единствена цел за зголемување на ефикасноста на одговорот на погодената заедница;

7. “Организирани сили за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи” се посебно организирани единици или поединци во рамките на државните органи, органите на државната управа, единиците на локалната самоуправа, трговските друштва и другите правни лица кои навремено интервенираат во случај на опасност;

8. “Средства за заштита и спасување” се заштитна и спасувачка опрема и орудија (алат), објекти за привремено сместување, објекти и опрема за оспособување, магацини, превозни средства, телекомуникациски и алармни уреди, како и материјал кој наменски се употребува за заштита и спасување или е предвиден за таа цел;

9. ”Откривање на настанувањето на природните непогоди и други несреќи” е спроведување на активностите за следење на состојбите во воздухот, почвата и водата и навремено информирање;

10. „Ризици и опасности“ се можни манифестации во случај на настанување на несакани појави и елементарни и други непогоди, техничко-технолошки катастрофи, епидемии на карантински и други заразни заболувања кај луѓето и животните, како и деградација од поголем обем и уништување на животната средина;

11. „Ресурси“ се граѓани, објекти, моторни возила, материјално-технички средства, опрема и финансиски средства со кои располага, во овој случај Општината;

12. „Криза“ е појава со која се загрозени основните вредности, трајните и виталните интереси и цели на општината, односно се загрозени уставниот поредок и безбедноста на Републиката;

13. „Кризна состојба“ е состојба предизвикана од ризици и опасности кои можат да ги загрозат добрата, здравјето и животот на луѓето и животните и безбедноста на Републиката и Општината за чија превенција и/или справување е потребна употреба на поголем обем на ресурси;

14. „Превенција“ е збир на планирани, организирани и институционално водени активности насочени кон намалување или целосно избегнување на неповолните влијанија од ризиците и опасностите и со нив поврзаните несреќи, катастрофи, кризи и кризни состојби.

## 2. Цели на Програмата

Целта на оваа програма е да се обезбеди увид во важноста и влијанието, интересите и потенцијалните улоги на Општина Гевгелија и различните групи на засегнати страни во:

- Заштита и спасување на луѓето и материјалните добра од природни непогоди и другии несреќи (пожари во шуми, отворени простори и други видови опасности);
- Создавање услови и можности за организирано остварување и реализирање на заштитата и спасувањето на луѓето и материјалните добра, имајќи ги предвид специфичните потреби на жените како и воспоставување на процедури за заштита од секаков вид на насилсво во услови на кризи;
- Обезбедување на услови за навремено известување за опасноста, благовремено откривање и елементирање на причините за настанувањето и ублажување, локализирање и елиминирање на опасноста, односно обезбедување на услови и можности за соодветна организација, опременост и координација на силите за заштита и спасување за справување со опасностите со кои ќе биде зафатена општината во координација со надлежните институции;
- Намалувањето на ризици од катастрофи (намалување на опасноста од ризиците од катастрофи е мулти-секторски и опфаќа надлежност на повеќе сектори и организации. Впрочем, и прегледот на надлежностите на Општина Гевгелија во областите на заштита и спасување, управување со кризи, противпожарна заштита и здравствена заштита ја илустрира комплексноста на постојната рамка и потребата за навремена, ефикасна и ефективна координација).

Следствено на погоре наведеното, а со цел да се елаборира интересот и влијанието на заинтересираните страни, истите се групирани во внатрешни и надворешни.

- Внатрешни засегнати страни – ЕЛС Општина Гевгелија како носител, како и подрачни единици на министерства, управни органи и организации, кои во текот на реализацијата на надлежноста и работните активности соработуваат или зависат од работата на ЕЛС.
- Надворешни засегнати страни – граѓани, одредени целни групи, невладини организации, општински организации на Црвен Крст, образовни институции, експерти и други институции кои директно или индиректно се засегнати или се под одредено влијание од работата на ЕЛС, односно од неговите програми и активности во областа на заштитата и спасувањето и намалувањето на ризици од настанати кризи и кризни состојби.

**Основна цел на програмата:**

- Обезбедување на  основни средства за превентивно делување на подрачјето на Општина Гевгелија;
- Вршење на едукација и подготовка за превентивно делување;
- Опремување на единицата за заштита и спасување и нејзина обука, како и обука на Општинскиот Штаб за заштита и спасување. (склучен е договор со ЈПКД Комуналец за обезбедување на останатите и потребни МТС)

- Организирање на предавања во училиштата и градинките на тема превентива и заштита од пожари и други природни катастрофи;
- Теориска едукација и практични показни вежби за евакуација при катастрофи во соработка со ТППЕ Гевгелија, Подрачното одделение заштита и спасување и Подрачното одделение за управување со кризи

За да се остварат поставените и наведени цели, потребни се активности преку кои истите ќе се реализираат.

## 3. Активности

За реализација, функционирање и остварување на основните цели на оваа Програма, активностите на Општинската администрација и Советот на Општина Гевгелија ќе бидат насочени кон создавање на максимални услови за реализирање на програмските определби во доменот на заштита и спасувањето, како и заштитата и спасувањето во услови на разни видови непогоди, кризни појави и состојби и други несреќи.

Во оваа насока, активностите претежно ќе бидат насочени кон обезбедување на услови за квалитетни, навремени и во законски рамки реализирани активности.

Општина Гевгелија преку Програмата за 2025 година, во рамките на своите материјални можности ќе обезбеди средства потребни за квалитетен одговор со кој ќе може брзо и ефикасно да се дејствува на целото подрачје на Општина Гевгелија, како и да овозможи непречено функционирање на останатите субјекти од областа на заштитата и спасувањето и справувањето со кризи кои егзистираат на подрачјето на општината.

За реализација, функционирање и остварување на системот за заштита и спасување, справување со кризи и кризни состојби ќе се спроведат следните активности:

- Редовно ажурирање на сите годишни оперативни планови од наведената проблематика (годишни планови за заштита од поплави и поројни врнежи, план за зимско чистење на локални улици, патишта и други јавни површини);
- Редовно/тековно ажурирање на изготвените плански документи по мерките од планот за заштита и спасување, како и годишно ажурирање на мерките за приправност опфатени во Процена на загрозеност од природни непогоди и други несреќи на подрачјето на Општина Гевгелија;
- Редовна изработка на известувања до граѓаните со насоки за однесување и превентивни мерки во летниот период од аспект на заштита од пожар;
- Евентуално спроведување на активности што не можат однапред да се предвидат, а што се од интерес за заштита на граѓаните и материјалните добра;
- Обука на надлежните лица во локалната самоуправа;
- Вежбовни активности на штабот и силите за заштита и спасување;

- Подигање на јавната свест (ангажирање на медиуми, публикациии документи и материјали, пред се заради информираност на граѓаните на Општина Гевгелија за опасностите и ризиците, како и мерките кои треба да се превземаат во случај на нивно настанување или намалување)
- Набавка на опрема,

**Други форми и активности** за побезбедна општина со здружување и помагање на субјектите од заштитно-спасувачката организираност на територијата на општината:

- Активности на Општинскиот кризен штаб (со можност при учество на идни состаноци и активности на штабот да се внимава на балансирано учество на жени и мажи како носители на мерки и политики)
- Активности на Штабот за заштита и спасување
- Учество на обуки, семинари, средби и настани организирани од страна на ТППЕ, Дирекцијата за заштита и спасување и Регионалниот центар за управување со кризи.
- Подршка и учество во проектни активности

Општина Гевгелија и во 2025 година ќе продолжи со континуирана соработка со надлежните државни/локални органи од соодветната област:

- ТППЕ Гевгелија
- Дирекцијата за заштита и спасување, ПО Гевгелија
- Регионалниот центарот за управување со кризи,
- Министерството за одбрана,
- МВР
- Црвен крст

ПОВАЖНИ ТЕЛЕФОНСКИ БРОЕВИ

| ТЕЛЕФОНИ ЗА КОНТАКТ | |
|---|---|
| ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА | **034/213-899 или** |
| ЕДИНСТВЕН БРОЈ ЗА ИТНИ СЛУЧАИ | **034/611-353** |
| | **112** |
| ПОЛИЦИЈА | **192** |
| БРЗА ПОМОШ | **194** |
| ТППЕ ГЕВГЕЛИЈА | **193 или** |
| | **034/211-881** |
| РЕГИОНАЛЕН ЦЕНТАР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО | **195 или** |

| | |
|---|---|
| КРИЗИ | **034/212-900** |
| ЕВН -ТРАФОСТАНИЦА | **034/213-216 или** |
| | **034/382-005** |
| ЦРВЕН КРСТ – ОО ГЕВГЕЛИЈА | **076/ 263-885** |
| ПО ОДБРАНА | **034/212-136** |
| МАКЕДОНЈА ПАТ – ДЕЖУРНА СЛУЖБА | **034/213-358** |
| ПО ДИРЕКЦИЈА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ | **034/211-523 или** |
| ЈПКД КОМУНАЛЕЦ | **075/457-575** |
| | **034/212-808 или 034/214-808** |

## 4. Финансирање

Финансирањето на активностите од областа на заштитата и спасувањето, справувањето со кризни состојби, утврдени според оваа Програма ќе биде реализирано од:

- Средства од Буџетот на Општина Гевгелија;
- Дополнителни финансиски средства може да бидат обезбедени и од спонзорства и донации, како и средства од доброволни прилози од домашни и странски фондации, правни и физички лица, а се со цел поголема заштита на подрачјето на општина Гевгелија

**Извори на финасирање во МКД - ПЛАНИРАНИ СРЕДСТВА**

| ред. број | ПЛАНИРАНА АКТИВНОСТ | кол. ком. дена | ПЕРИОД НА РЕАЛИЗАЦИЈА | ПЛАНИРАНИ СРЕДСТВА | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Ставка I.** | **СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА УНИВЕРЗАЛНАТА ЕДИНИЦА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ** | | | **ИЗВОР НА ФИНАНСИРАЊЕ** | **ВКУПНО** |
| 1. | Опрема:<br>-Напртњачи - 5 | 5 | април/мај | Буџет на Општина Гевгелија | 42 500 |
| 2. | Лична опрема ( летна блуза, чизми, капи, елеци ) | 51 | април/мај | Буџет на Општина Гевгелија | 109 500 |
| *СТАВКА I. (1+2)* | | | | | *152 000* |
| **Ставка II.** | **СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА РИЗИЦИ ОД НАСТАНУВАЊЕ НА НЕСРЕЌИ, ПРИРОДНИ НЕПОГОДИ И ДРУГИ ВИДОВИ ОПАСНОСТИ** | | | | |
| 1. | Средтства потребни за реализација на оперативниот план за поплави<br>(не се предвидени средства за чистење на речните корита и канали) | Интервенции за заштита на речните корита и чистење на земја од критичните места | јануари-декември | Буџет на Општина Гевгелија | 40 000 |
| 2. | Организирање на предавања во училиштата и | | септември | Буџет на Општина | 3 500 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | градинките на тема: превентива и заштита од пожари, земјотреси и други природни катастрофи, со учество на стручни лица од ДЗС ПО Гевгелија | | | Гевгелија | |
| 3. | Информирање на граѓаните преку флаери и соопштенија за заштита и превенција од пожари и намалување на ризици од настанување на опасности | | мај-септември | Буџет на Општина Гевгелија | 4 500 |
| *СТАВКА II.  (1+2+3),* | | | | | *48 000* |
| ***ВКУПНО = (СТАВКА I. + СТАВКА II.)*** ***вкупните сумит се изразени во денари*** | | | | | ***200 000*** |

## 5. Завршни одредби

Програмата за заштита и спасување и справување со кризи на подрачјето на Општина Гевгелија за 2025 година, ќе биде финансирана од Буџетот на Општина Гевгелија за 2025 година.

Со спроведување на планираните активности и обезбедување на минимум опрема ќе се обезбеди непречено функционирање на субјектите на заштита во услови на можни природни непогоди и други несреќи.

За спроведувањето на истата се грижи Градоначалникот на Општина Гевгелија.

Општина Гевгелија во соработка со Општинскиот штаб за заштита и спасување, Дирекцијата за заштита и спасување, Центарот за управување со кризи, другите надлежни органи и тела, како и органите и телата на Советот на општина Гевгелија, ќе го следат спроведувањето на оваа Програма и активно ќе учествуваат во нејзината реализација, како со покренувањето на иницијативи, така и со давање на мислења и поднесување на предлози во врска со остварувањето на програмските цели и активности.

Оваа програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Општина Гевгелија “.

Бр.09-1610/1

Претседател

26.12.2024 год. на Советот на Општина Гевгелија,

Гевгелија **Патрик Матх**

**с.р.**